**КОНКУРС**
**за запишување на студенти на прв циклус студии на студиските програми на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј”**
**во учебната 2026/2027 година**

**РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ**

| | | | Трет рок | За странски студенти |
|---|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | | | 23.09.2026 | До 29.09.2026 |
| Објавување на резултатите од успехот од средно образование | | | | |
| Објавување на решение за прием на кандидатите | | | | До 30.09.2026 |
| Запишување на кандидатите | | | 28.09.2026 | 01.10.2026 |

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот**.

Бројот кој кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето на кандидатите за упис на Медицинскиот факултет ќе биде во просториите на факултетот за сите студиски програми со **оригинал документи.**

Во прилог на пријавата, треба да се донесат следниве документи:

1. потпишани универзитетски пријавен лист и интерен пријавен лист (генерирани од iKnow-системот);
2. оригинални свидетелства од сите класови;
3. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);
4. извод од матичната книга на родените (оригинал);
5. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение) (оригинал);
6. потврда за уплата:
   - на 300 денари на жиро сметка на Медицинскиот факултет
     - **Депонент: НБРМ ж-сметка: 100000000063095**
     - **Сметка на буџетски корисник: 1600111517788-13**
     - **Приходна шифра: 723019-41**
   - Административната такса во износ од 50,00 денари (**Образец ПП 50:**Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка 100-0000000-630-95; Уплатна сметка 840-XXX-03161;Конто 722313 00)

***Кандидатите кои конкурираат за запишување како ВОНРЕДНИ СТУДЕНТИ покрај горенаведените документи треба да достават и:***

- Образец М1/М2, нотарски заверен; или
- Лекарско уверение за причините поради кои не се во можност да се запишат како редовни студенти (издадено од З.У. Студентска поликлиника на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје).

***ВАЖНО***

**<u>Забелешка:</u> Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, се препорачува кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби и да ги заверат на нортар.**

**<u>Забелешка: Доплонително доставување на документ не се зема во предвид</u>**

1.Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:
- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители, најмногу до 26-годишна возраст, доколку е невработено (се докажува со потврда од надлежниот центар за социјална работа);
- родител на дете до 6 годишна возрат, доколку е невработен (се докажува со извод од Матична книга за детето и потврда за евидентирано невработено лице);
- лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата (се докажува со наод и мислење на службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом Скопје и со решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот за попреченоста);
- воени инвалиди (се одкажува со решение на Минестерство за труд и социјална политика – Управа за прашања на борците и воените инвалиди);
- лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени;
- други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

2. **Кандидатите државјани на РСМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство,** документите ќе ги доставуваат во Ректоратот.

3. Кандидатите државјани на РСМ кои дел од средното образование го завршиле во странство, документите ќе ги доставуваат на Медицинскиот факултет.